**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Фросина Петровиќ-Стојмановска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Куманово,Кратово и Крива Паланка**
**ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1**
**тел. 031/410-440**

**Образец бр.29**

**И.бр. 605/2024**

Извршителот Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово, ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје од Куманово со ЕДБ 4080011521612 и ЕМБС 6701221 и седиште на ул. Моша Пијаде бр. 14, засновано на извршната исправа ОДУ бр 368/21 од 23.03.2021 година на Нотар Мартин Божиновски од Куманово, против должникот ДАРИО И МАРИО ДООЕЛ увоз-извоз Куманово од Куманово со ЕДБ и ЕМБС 6093531 и седиште на ул.3-та МУБ бр.1Д, за спроведување на извршување во вредност 50.364,00 денари на ден 08.10.2025 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
### (врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА** продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети трговска стока и опрема за бутик во сопственост на должникот ДАРИО И МАРИО ДООЕЛ увоз-извоз Куманово од Куманово со седиште на ул.3-та МУБ бр.1Д, согласно одредбите од членот 109 став 4 од ЗИ со оглед на фактот дека станува збор за 1447 различни видови на предмети спецификацијата на ваквите предметите кои се предмет на продажба е достапна во канцеларијата на Извршителот Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово со седиште на ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1 Куманово.

Почетната вредност на предметите, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на подвижни предмети од 07.07.2025 година за И.бр.605/24 на Извршител Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово, намалена за 1/2 (една половина) од утврдената вредност, на предлог на доверителот согласно член 110 став 2 од Законот за извршување, па вкупна вредност на предметите изнесува **162.245,00 денари**, под која подвижните предмети не може да се продадат на второто јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **29.10.2025 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово, ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1, тел: 031/410-440.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои 1 ден претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети, односно износ од **16.224,50 денари**. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.240140114544315 која се води кај УНИ Банка АД Скопје и даночен број 5017020507118, со повикување на број И.бр.605/2024 еден ден пред закажаната усна јавна продажба.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страната на комората на Извршители на РСМ.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај доверителот на ул.3-та МУБ бр.1Д.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Фросина Петровиќ-Стојмановска

Д.-на: должник ДАРИО И МАРИО ДООЕЛ Куманово
доверител АД за изградба и стопанисување

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.